UDK 615:[343.3/.7:340.13(497.7)

# ПРАВНИ АКТИ И ИНКРИМИНАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ФАРМАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Рената Митрева**
Студент на втор циклус на студии на Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип
E mail: renatamitreva@yahoo.com

**Апстракт**
Овој труд се однесува на казненоправните аспекти на фармацевтската дејност. Притоа, не се опфатени сите аспекти на истата, туку само правните акти и инкриминациите од оваа област. Трудот опфаќа теоретски сентенци за тоа што претставува фармацевтското право и која е новата улога на фармацевтот во системот на здравствена заштита. Но, она што претставува главна теза е токму анализата и елаборацијата на двете фармацевтски кривични дела од Кривичниот законик: „Несовесно вршење аптекарска дејност" (член 211) и „Производство и пуштање во промет штетни средства за лекување" (член 212). Неминовно е и спомнувањето на казнените дела наведени во главниот Закон за лекови и медицински помагала, како и нивна анализа и споредба со прекршочните одредби од истиот.

**Клучни зборови**: *кривично дело, примери, анализа, лекови, аптека, санкции.*

# LEGAL ACTS AND CRIMINALS FROM THE FIELD OF PHARMACY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Renata Mitreva**
Student at the Faculty of Law, University "Goce Delcev" - Stip
E-mail: renatamitreva@yahoo.com

**Abstract**
The summary refers to the legal aspects of the pharmaceutical industry. This paper does not cover all of its aspects, but only the legal acts and incriminations in this area. The paper covers theoretical interpretations of what is pharmaceutical law and what is the new role of pharmacist in the health care system. But what the main thesis is, is the analysis and elaboration of the two pharmaceutical criminal acts of the Criminal Code: "Unethical practice of pharmacy" (Article 211) and "Production and release of harmful medicines for treatment" (Article 212). Also, it's important to mention the criminal acts in the Law on cures and medical devices, their analysis, and comparison with the other violences which are part of the same Law.

**Keywords**: *crime, examples, analyse, cures, drugstore, sanction*

## Вовед

Медицинското казнено право не ги опфаќа единствено казненоправните аспекти на медицинската професија, туку ги опфаќа и оние прашања кои се предмет и на фармацевството право, кое се јавува како една нова научна дисциплина. Оваа научна дисциплина се повеќе се развива како резултат на фармаколошките откритија, кои растат незапирливо, а отвараат многубројни проблеми во поглед на заштита и безбедност на пациентите. Денес сѐ повеќе се употребуваат нови лекови, а тоа ги зголемува ризиците по здравјето на човекот и налага будно следење на состојбите со цел навреме да се преземат заштитни и превентивни мерки, како и санкции за сите оние недопуштени дејствија кои претставуваат сериозно загрозување на здравјето на човекот и општеството во целина.

Кога се зборува за казненоправните аспекти на фармацијата, се мисли најчесто на аптекарската грешка. Овој поим е тешко да се дефинира поради различните учења и теории за истиот, како и при определувањето на елементите кои ја чинат самата појава, а тоа се стандардите на внимание и правилата на струката. Сепак фармацевтската грешка како поим и појава, се насочува кон ставање на граница, помеѓу она што е одговорност на лекарот, а што е одговорност на фармацевтот. Поинаку речено, дополнително се проблематизира прашањето каде завршува одговорноста на лекарот и во кои случаи се активира одговорноста на фармацевтот при медикаментозниот третман на болниот. Дали и во кои случаи ќе постои паралелна одговорност за овие лица?[1]

## Фармацевтското право и улогата на фармацевтот во системот на здравствена заштита

Фармацевтското право е една од поновите научни дисциплини која се јавува како резултат на брзиот развој на фармацијата. Во објективна смисла, фармацевтското право претставува *систем од правни норми кои ја регулираат фармацевтската дејност, ги утврдуваат својствата на лицата кои ја вршат таа дејност и нивниот однос спрема корисниците на фармацевтските услуги.* Оној дел од фармацевтското право кое се среќава под називот *право на лекови,* се однесува на заштитата на поединецот од аспект на здравство. Фармацевството право не е кодифицирано и станува збор за област чиј предмет припаѓа и на правото и на фармацијата. Оттука, фармацевтското право може да се определи и како *збир од разнородни правни правила кои припаѓаат на одделни гранки на правото, а нивно заедничко обележје е тоа што сите тие, во сеопфатна смисла, ги уредуваат односите при вршењето на фармацевтската професија.*[2].

Новиот развој на фармацевстката професија, води во насока на менување на улогата на фармацевтот, и зголемување на дејствијата кои ги презема фармацевтот во рамките на својата професија и во целокупниот здравствен систем. Така што, фармацевтот добива значајна улога во придонесот кон грижата на пациентите и безбедно употребување на лековите. Тоа претставува последна фаза во лекувањето и

[1] Тупанчевски Н., Деаноска-Трендафилова А., Кипријановска Д., Медицинско казено право, Скопје, 2012, 260.
[2]Види: https://www.ihr.org.mk/p.php?pid=53, последен пат пристапено во јули 2019

заштитата на пациентите и е нужна и неизбежна алка во целокупниот здравствен систем. Во последно време се развиваат и правата на пациентите, кои се крајни консуматори во целиот систем на фармацевтски услуги, кое од друга страна пак, претставува една потесна концепција, сочинета од права и обврски кои потекнуваат од врската производител-лекар-фармацевт. Во Резолуцијата АП[3] за улогата на фармацевтот во системот на здравствената заштита, која претставува основа на меѓународната фармацевтскоправна регулатива, како еден од основните аспекти на фармацевтската дејност се наведува спречувањето на „јатрогените ризици[4]". Согласно истата, се наведува дека постојат различни начини за зацврстување на улогата на фармацевтот: постоење на системски известувања, вклучување на фармацевтите во една заедничка т.н. „мрежа" на грешки во врска со употребата на лекови итн. Резолуцијата особено ја нагласува нужноста од развој на клиничката фармација како и зголемување на важноста на улогата која ја има аптекарот во целиот здравствен систем и нега на пациенти.[5]

**Законско регулирање на фармацевтската дејност во РМ**

Во нашата држава фармацевтската област е регулирана во Законот за лековите и медицинските помагала (*во понатамошниот текст: ЗЛМП*)[6]. Пред истиот да се донесе, прашањата од областа на фармацијата и фармацевтското право беа предмет на регулација со Законот за лековите, помошни лековити средства и медицинските помагала[7]. За разлика од претходниот, новиот закон има поширок предмет на интерес и попрецизно ја регулира материјата во врска со лековите и медицинските помагала, нивниот квалитет, безбедност, ефикасност, производство, ставање во промет, формирање на цени итн. Предмет на уредување се и опојните дроги[8], психотропните супстанции[9] и прекурзорите[10] потребни за производство на лекови или медицински помагала во случаите кога не се уредени со друг закон. Овој закон е создаден по мерка на меѓународните документи од оваа област. Накратко речено, моделот на „пресликување" на одредбите статуирани во меѓународните инструменти и решенијата инаугурирани во развиените европски законодавства се покажа како доминантен во

[3] Резолуцијата е усвоена од страна на Комитетот на министри на СЕ на 21 март 2001 година

[4] Честопати во модерната медицина се користи терминот "јатрогенија" - овој термин ги означува оние состојби кои се директно или индиректно поврзани со дејствијата на медицинскиот персонал. Честопати лекарот претставува опасност за пациентот и може да му нанесе повреда, погрешно комуницирање со него или изведување на одредени манипулации.

[5] Тупанчевски Н., Деаноска-Трендафилова А., Кипријановска Д., Медицинско казнено право, Скопје, 2012, 262.

[6] Сл. весник на РМ, бр. 106/07; 88/10; 53/11.

[7] Сл. Весник на РМ, бр. 21/98.

[8] Опојна дрога" е секоја супстанција од природно или вештачко потекло која е распоредена во листата на опојни дроги во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојни дроги или врз основа на одлука на надлежен орган. Опојна дрога опфаќа и психотропни супстанции кои се распоредени во листата на психотропни супстанции, ако не се посебно споменати

[9] "Психотропна супстанција" е секоја супстанција од природно или вештачко потекло, која е распоредена во листата на психотропни супстанции во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз основа на одлука на надлежен орган

[10] Аналгетици, седативи, транквилизери, психостимуланси и сл., што влегуваат во поимот таблетоманија.

настојувањето за востановување адекватна фармацевтскоправна регулатива.[11]

Како резултат на донесувањето на овој закон, беа донесени и голем број подзаконски прописи кои уште попрецизно ги определуваат одредбите на ЗЛМП. Станува збор за некои од следниве акти: Правилникот за начинот и постапката за фармаколошко-токсиколошкото и клиничкото испитување на лековите[12], Упатството за начелата на добрата лабораториска практика[13], Правилникот за начинот и постапката за клиничките испитувања на лековите и содржината на документацијата[14],Правилникот за начинот и постапката за аналитичкото испитување и начинот на контрола на квалитетот на лековите[15], Правилникот за начинот на пропишување и издавање на лекови на рецепт[16], Правилникот за начинот на пријавување, содржината на образецот за пријавување на несаканите реакции на лековите и начинот на организација на системот на фармаковигиланца[17] итн. Неминовно е а да не се споменат и *Начелата на добрата фармацевтска практика* и врз нив заснованите барања кои се во тесна врска со улогата на фармацевтот и неговите основни должности. [18]

**Фармацевтски казнени дела според КЗ**

Кривичниот Законик на РМ (*во текстот КЗ)*[19] содржи две одредби кои имаат карактер на т.н. фармацевтски казнени дела. Станува збор за чл. 211 *„Несовесно вршење аптекарски дејности“* и чл. 212 *„Производство и пуштање во промет штетни средства за лекување.*“

- Членот 211 гласи:

*„(1) Аптекар или друго лице овластено за подготвување или издавање на лекови кој ќе подготви лек спротивно на правилата од својата струка или ќе издаде погрешен лек, па поради тоа ќе биде доведено во опасност животот или здравјето на некое лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.*

*(2) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.*

*(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.*

*(4) Подготвените лекови се одземаат “*

Во ова дело се инркиминираат дејствија на несовесно постапување при аплицирање лекови. Здравјето на луѓето е главен објект на заштита во оваа

[11] Види: https://www.ihr.org.mk/p.php?pid=53, последен пат пристапено во јули 2019
[12] Сл. Весник на РМ, бр. 73/09.
[13] Сл. Весник на РМ, бр. 62/09.
[14] Сл. Весник на РМ, бр. 29/09
[15] Сл. Весник на РМ, бр. 24/09.
[16] Сл. Весник на РМ, бр. 153/08.
[17] Сл. Весник на РМ, бр 93/08.
[18] Види: https://www.ihr.org.mk/p.php?pid=53, последен пат пристапено во јули 2019.
[19] Сл. весник на РМ“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015 и 226/2015)

инкриминација. Имено, истото се заштитува, како што е наведено во самата одредба, од несовесното постапување на аптекар или друго овластено лице за подготовка или издавање на лек, спротивно на аптекарската професија. Дејствие на извршување може да биде подготовка *или* издавање погрешен лек. Последица на делото е доколку настане загрозување на здравјето или животот на некое лице. Објект на дејствието е лек кој се употребува во медицината или стоматологијата, чиешто подготвување или издавање е уредено со ЗЛМП. Ова дело може да биде извршено само од аптекар или друго овластелно лице за подготовка или издавање на лек (*delictum proprium)*; а како овластено лице се смета само она лице кое има завршено фармацевтски факултет. Според одредбава, се санкционира и небрежното сторување, а се предвидува и одговорност за правното лице, додека пак, подготвените лекови се одземаат како предмети на делото. [20]

- Член 212 од КЗ гласи:

*„(1) Тој што произведува, продава или на друг начин става во промет лекови или други средства за лекување што се штетни за здравјето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.*

*(2) Ако делото е сторено од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.*

*(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.*

*(4) Производите и средствата за производство се одземаат. “*

За разлика од претходната, оваа одредба ги покрива дејствијата на производителите и трговците со лекови. Дејствието на извршување е алтернативно дадено: произведувањето, продавањето, ставањето во промет на друг начин (на пример, со хуманитарна помош итн.). Објект на дејствието се лекови или други средства за лекување (медицински помагала), штетни за здравјето на луѓето. Оцената за штетноста на лековите треба да биде заснована врз законски пропишаните и стручните критериуми за нивната исправност и употребна вредност. За постоење на делото не е потребно настапување на некоја штетна последица.[21] Се казнува и небрежното постапување, како и правното лице, а подготвените лекови се одземаат. [22]

**Казнени одредби според ЗЛМП**

Согласно направените измени во ЗЛМП од 2012 година, се воведени неколку казнени одредби, чија цел е да се дополнат инкриминациите во фармацевтската област и да се заокружи системот на т.н. *фармацевтски казнени дела.* Во текстот кој следи, ќе биде направена кратка анализа на неколкуте казнени одредби од ЗЛМП.

Така, чл. 156-а, предвидува казна затвор од шест месеци до пет години за директорот или службени лица на Агенцијата за лекови, во случај кога ќе овозможат да се стави лек во промет, а за истиот тој лек не бил даден писмен одговор на барањето за ставање лек во промет во определените рокови со овој закон, при што би се сметало

[20] Камбовски В., Коментар на Кривичен законик на Република Македонија, Скопје, 2016, стр.864.
[21] деликт на апстрактно загрозување.
[22] Камбовски В., Коментар на Кривичен законик на Република Македонија, Скопје, 2016, стр.865.

дека одговорот е позитивен (исто како кога барањето е одобрено), а притоа таквиот лек не ги исполнува критериумите за да биде пуштен во промет. Вториот став пак, предвидува иста висина на казна затвор за истите лица-сторители, само во обратна ситуација: кога лекот ги исполнува условите за пуштање во промет, но тие нема да овозможат негово пуштање во промет.[23]

Член 156-б предвидува казна затвор до една година за одговорното лице на производител или веледрогерија која прозиведува лекови на територијата на Република Македонија, кој во рок од два месеци од престанувањето на производство или промет на лекот, ќе престане да произведува или врши промет. Постои исклучување на одговорноста, во првиот став од овој член, односно, сторителот нема да одговара доколку непроизведувањето, односно непуштањето во промет, ќе биде како резултат на причини кои се надвор од контролата на производителот, како објективни околности или околности на виша сила. Вториот став предвидува казна затвор од три до пет години за прозиводителот, кога како резултат на дејствието од првиот став, ќе настане тешко нарушување на здравјето на едно или повеќе лица, додека пак, третиот став предвидува затвор од пет до десет години доколку, како последица дошло до смрт на некое лице. Во овие два случаеви, покрај казната затвор, ќе се определи и забрана за вршење на дејност на производителот.[24]

Член 156-в ,пак, предвидува затворска казна од шест месеци до пет години за одговорно лице на здравствена установа, кое ќе изврши промет на лекови исклучиво за сопствени потреби на установата, а без согласност од Министерството за здравство (казната е помала, од шест месеци до пет години, во случај доколку прометот е со медицински средства, а не лекови). Ако ова дело е сторено од установата, истата ќе биде казнета парично.[25]

Понатаму, во чл. 156-г, се предвидува казна затвор од шест месеци до пет години за одговорното лице во веледрогеријата и одговорното лице во здравствената установа, кои ќе договарат набавка на лек за цена која е повисока од законски определената цена за тој лек, а притоа на веледрогеријата ќе и се определи парична казна и забрана за вршење на дејност.[26]

Во чл. 156-д, се предвидува одговорност за одговорното лице на производител, аптека, веледрогерија, правно или физичко лице кое ќе изврши препакување на лек, поради промена на датумот на рок на употреба на лекот, на кој веќе му е истечен рокот, или се оштетени неговите карактеристики или пакувањето, односно воопшто се покажал како лек кој не одговара на потребниот квалитет. Потешки облици на ова дело, кои предвидуваат и повисока санкција за сторителот, се доколку настане тешко нарушување на здравјето на едно или повеќе лица, или смрт на некое лице.[27]

Додека пак, членот 156-ѓ, предвидува одговорност за одговорното лице во правно лице но и за самото правно лице во случај кога ќе достави лажни податоци,

[23] Закон за лекови и медицински помагала (Сл. весник на РМ, бр. 106/07; 88/10; 53/11)
[24] Ibid
[25] Ibid
[26] Ibid
[27] Ibid

изјава со невистинита содржина, лажен доказ или доказ со лажна содржина во некоја од постапките одредени таксативно во членот.[28]

На крај, последниот член од казнените одредби, определува, парична казна за аптека или аптекарска станица ако издаде лек без рецепт а за истиот е потребно издавање со рецепт, како и квалифицирани санцкии за ова дело, ако биде сторено по вторпат односно третпат. [29]

Кога станува збор за казнените одредби во ЗЛМП, неминовно е да се спомене дека Законот содржи и неколку прекршочни одредби кои се однесуваат за дејствија сторени и од здравствените работници и одговорни лица, па се до самите здравствени установи и производители. Ако подетално ги разгледаме одредбите, ќе се постави прашањето, дали некои од прекршочните одредби треба да останат прекршочни, или пак треба да бидат преместени во делот со казнени одредби, по теркот на меѓународната регулатива по однос на ова прашање.

Ова особено се однесува на клиничкото испитување на лекови. Имено, споредбено со останатите држави, каде се предвидува кривична одговорност за сторителите на клиничкото испитување на лекови кое е спротивно на законските прописи, во нашата држава, истото не е дел од казненоправните одредби ниту во КЗ, ниту во ЗЛМП. Сегашната регулатива, клиничкото испитување на лекови без потребната дозвола, го определува како прекршок. Ова е спротивно на претходните законски одредби кои веќе се вон сила, а кои изречно определуваа кривична одговорност за клиничко испитување без потврда, доколку станува збор за лек кој содржи новооткриени супстанции за кои не постојат докази дека се применети врз човечки организам.

Од прекршочните одредби во ЗЛМП кои се однесуваат на клиничкото испитување на лекови, може да се издвојат неколку потенцијални, кои би можеле да се поместат во групата на казнени дела:

*а) вршење клиничко испитување лекови без поднесени резултати од аналитичко и фармаколошко – токсиколошко испитување или испитување на лек што влијае на генетскиот код на човекот;*

*б) вршење клиничко испитување врз лица кои претходно не биле информирани за сите релевантни податоци за испитувањето, за целта на испитувањето, неговата природа, постапката и можниот ризик, на начин кој им е разбирлив и во писмена форма, во случаите кога е доведен во опасност животот или здравјето на некое лице.*

*в) вршење клиничко испитување на лекови врз лица кои не се согласиле да подлежат на испитување од ваков вид.*[30]

[28] Ibid
[29] Ibid
[30] Види: https://www.ihr.org.mk/p.php?pid=53, последен пат пристапено во јули 2019.

**Заклучок**

Како резултат на сè она што е произнесено во рамките на овој труд, може да се заклучат неколку работи. Не е спорно дека фармацијата како дел и област од медицината завзема еднакво значење колку и самото инволвирање на лекарите во еден процес на лекување и третман. Колку што може да погреши лекарот при дијагностицирање на болест и препишување лек, така може да згреши и самиот фармацевт. Она што е важно од аспект на овој труд е дека дејствијата преземени во вршење на фармацевтската дејност подлежат на кривична одговорност согласно КЗ, но и на кривична и прекршочна согласно ЗЛМП. Бидејќи самиот КЗ, не регулира широк дијапазон на кривични дела од областа на фармацијата, единствена критика можеби би се упатила токму кон најважниот закон од оваа област, т.е. ЗЛМП. Имено, самите одредби од Законот не се доволно конкретни и поради граматичките пропусти создаваат конфузност при нивното толкување и примена. Но, она што е за пофалба е усогласувањето на законот со меѓународните акти, со цел за подобро регулирање во оваа област, при што се зголемени бројот на санкциите. Сепак, не треба да се застанува на тоа, законот треба да продолжи да се ажурира и прилагодува паралелно на промените кои ги создава самиот развој на фармацијата. Сепак, за крај би потенцирале дека ниту еден закон не е доволно добар ако не се применува во пракса, па во таа насока, за да се реализираат инкриминациите кои се наведени во нашите правни акти, можеби е потребна поголема интервенција од страна на надлежните органи, односно инспекции, кои ќе вршат поголем надзор врз работата на фармацевтските куќи и аптеки, сè со првенствена цел за заштита на здравјето на луѓето.

**Користена литература:**

**Научни и стручни трудови, книги, статии и коментари на законски прописи:**

Камбовски В., Коментар на Кривичен законик на Република Македонија, Скопје,2016.
Кипријановска Д., Казненоправна одговорност на здравствените работници, Магистерски труд одбранет на Правниот факултет „Јустинијан Први“-Скопје.
Луис М., и Тампаро К., Медицинско право, етика и биоетика, Академски печат, 2010.
Спирова В., Надзорот над стручната работа во функција на унапредување на квалитетот на здравствената заштита во Република Македонија, докторска дисертација, Медицински факултет, Скопје, 2003.
Тупанчевски Н., Деаноска-Трендафилова А. и Кипријановска Д., Медицинско казнено право, Скопје, 2012.
Bosković Z., Medicina I pravo, Pergamena, Zagreb, 2007.
Babić T., Roksandić S., Osnove zdravstvenog prava, Tipex-Zagreb, 2006.
Kažić T., Lekovi, Zašto, kako, koliko, dokle, Beograd, 1982.
Fisher J., Merrils J., Pharmacy law and practice, 1997.
Mujović- Zornić H., Farmaceutsko pravo- pravo o lekovima I štete od lekova, Beograd, 2008.
Radišić J., Medicinsko pravo –Drugo preradeno I dopunjeno izdanje, Beograd, 2008.
Russel, J.H.C., The interrelationship of pharmacy and medicine, Am J Pharm Edu,1946.
Varagić V., Milošević M., Farmakologija, Beograd-Zagreb, 1984.

**Законски прописи:**

Кривичниот законик на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015 и 226/2015)

Закон за лекови и медицински помагала (Службен весник на РМ, бр. 106/07; 88/10; 53/11, 88/12)

Закон за здравствена заштита (Службен весник на РМ, бр. бр.43/12, бр.145/12, 39/14, 43/14, .132/14, 10/15, 61/15).

Правилникот за начинот и постапката за фармаколошко-токсиколошкото и клиничкото испитување на лековите (Сл. Весник на РМ, бр. 73/09).

Упатството за начелата на добрата лабораториска практика (Сл. Весник на РМ, бр. 62/09).

Правилникот за начинот и постапката за клиничките испитувања на лековите и содржината на документацијата (Сл. Весник на РМ, бр. 29/09)

Правилникот за начинот и постапката за аналитичкото испитување и начинот на контрола на квалитетот на лековите (Сл. Весник на РМ, бр. 24/09).

Правилникот за начинот на пропишување и издавање на лекови на рецепт (Сл. Весник на РМ, бр 153/08)

Правилникот за начинот на пријавување, содржината на образецот за пријавување на несаканите реакции на лековите и начинот на организација на системот на фармаковигиланца (Сл. Весник на РМ, бр, 93/08)

**Електронски извори:**

https://www.ihr.org.mk/p.php?pid=53 [Пристапено во јуни, 2018]

https://tv21.tv/mk/?p=167820 [Пристапено во јуни, 2018]

http://www.sudstvo.mk/%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%B8%D1%87%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%84%D0%B0%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B5%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%84%D0%B8%D1%80%D0%BC%D0%BC%D0%B0/ [Пристапено во јуни, 2018]

https://lekovi.zdravstvo.gov.mk/ [Пристапено во јуни, 2018]

http://www.fk.mk/%D0%B7%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B0/%D1%80%D0%B5%D0%B3%D1%83%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0/ [Пристапено во јуни, 2018]